РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ЗА 2016 ГОДИНА

# СОДРЖИНА


I. ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА.......... 4

II. АКТИВНОСТИ И ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА ИНФОРМАТИЧКАТА ТЕХНОЛОГИЈА .......... 6

Централно координативно тело за координација на ИКТ-проектите .......... 6
ИКТ стратегии .......... 6
Интероперабилност .......... 6
Информациски систем за управување со човечките ресурси во државната администрација .......... 7
Воведување на работење на владините институции во облак технологија – (G Cloud) .......... 8
PKI Инфраструктура за администрацијата .......... 8
Развој на Национален портал за е-влада .......... 9
Стандарди за квалитет на податоци .......... 9
Систем за интегрирано планирање на ресурсите (ИПР) на државни институции за кои услугата ја обезбедува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија .......... 10
Систем за електронско управување со документи (ДМС) .......... 10
Поддршка за натпревари и настани од областа на ИКТ .......... 10
Проект: „Microsoft Show Case Училница“ .......... 11
Интернет клубови .......... 11
Едукација на населението во руралните средини за користење на интернет .......... 11
Проект WIFI точки на територијата на Република Македонија .......... 12
Автомати за издавање на документи (пилот проект) .......... 12
VOIP за јавната администрација (пилот проект) .......... 12
Каталог на е-услуги .......... 13
Воспоставување на систем за обука за ученици за програмирање и нивна подготовка за учество на врвни меѓународни натпревари .......... 13
Национален центар за одговор на компјутерски инциденти (CERT) .......... 14
3Д виртуелен панорамски приказ на Музејот на македонската борба и на новиот Македонски народен театар .......... 14
Родово буџетска анализа .......... 14

III. АКТИВНОСТИ И ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА.......... 16

Креирање политики .......... 16
Согласности на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места за институциите .......... 16
Согласности за преземања на вработени од една во друга институција .......... 17
Мислења по годишни планови за вработување на институциите .......... 17
Обуки на административните службеници .......... 17
Обуки за функционални анализи .......... 19
Обуки за изработка на годишни планови .......... 19
Обуки за стратешко планирање .......... 19
Електронски систем за управување со учењето (СУУ/LMS) .......... 19
Систем за Микроучење .......... 20
Менторство .......... 20
Управување со ефектот на административните службеници .......... 20

Анкета за вработените во Државната администрација ........ 21
Креирање на стандарди за професионални компетенции ........ 21
Услужна ориентираност ........ 22
Една точка за услуга (ЕТУ) ........ 23
Каталог на јавни услуги ........ 23
Регулаторна реформа ........ 24
Отворено владино партнерство ........ 24
Отворени податоци ........ 25
Е-демократија ........ 26
Интегириран позадински систем за проектот оцени ја администрацијата ........ 26
Барометар за квалитет ........ 27

**IV. ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ, МЕДИУМИ И РАДИОДИФУЗИЈА ........ 28**

Балкански роаминг ........ 28
Консулатции со медиумски организации ........ 28
Субвенционирање на домашна продукција ........ 28

**V. УЧЕСТВО ВО МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ, СЕМИНАРИ, РАБОТИЛНИЦИ ........ 29**

## I. *Задачи и обврски на Министерството за информатичко општество и администрација*

Со изменувањата и дополнувањата на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ„ бр.167/10), Министерството за информатичко општество прерасна во Министерство за информатичко општество и администрација (МИОА) и доби проширена надлежност, а со тоа и поголема одговорност.

Задачите и обврските на МИОА се во рамките на развојот и промоцијата на информатичкото општество; реформата во јавната администрација; следењето на состојбите со информатичките и телекомуникациските технологии и воведување на меѓународни стандарди; креирањето и водењето на регистар на информационите и комуникациските системи и информатичката опрема во рамките на органите на државната управа; водењето Регистар за државните и јавните службеници; интегрираната информатичка и комуникациска мрежа, бази на податоци, меѓусебното поврзување и размена на информациите, безбедносните аспекти и развојот на инфраструктурата на субјектите на кои со закон им е доверено да вршат јавни овластувања; телекомуникациите и телекомуникациската инфраструктура, радиодифузијата и радио дифузната инфраструктура; законското уредување на прашањата што ја засегаат администрацијата, како и на надзорот и обезбедувањето на единствена примена на прописите што се однесуваат на државните и јавните службеници; развивањето на политиката поврзана со правата, обврските, одговорностите и оценувањето на државните и јавните службеници; развојот и координацијата на политиките во врска со управувањето со човечките ресурси, како и на класификацијата и описот на работните места, платите и надоместоците на плати на државните и јавните службеници; подготвувањето стратешки документи за ефикасното и ефективното работење, обука и стручно усовршување на државните и јавните службеници и координација, организирање и спроведувањето на обуките, развојот и координацијата на политиките во врска со управувањето со човечките ресурси, реформата на јавната администрација, остварувањето на меѓународна соработка по прашања од негова надлежност, државната управа, управната постапка, управниот надзор и други работи утврдени со закон.

Во рамки на вкупно одобрените средства во буџетот на Министерството за информатичко општество и администрација за 2016 година и во насока на исполнување на целите и задачите од програмата за работа за 2016 година, МИОА ќе продолжи со имплементирање и завршување на веќе започнатите проекти во изминатиот период како и отпочнување и спроведување на планирани проекти,

кои ќе придонесат за унапредување на информатичкото општество и зајакнување на капацитетите на јавната администрација.

## II. *Активности и проекти од областа на информатичката технологија*

**Централно координативно тело за координација на ИКТ-проектите**

Централното координативно тело за координација на ИКТ-проектите во државната администрација, во кое членуваат претставници од институции кои имплементираат покрупни ИКТ-проекти со цел поефикасно искористување на ресурсите во функција на развој на ИКТ-инфраструктурата во државните институции, ќе продолжи со работа и во текот на 2016-та година.

**ИКТ стратегии**

Ќе продолжи имплементацијата на активностите од акцискиот план на краткорочната ИКТ-стратегија 2016-2017 година. Стратегијата беше изработена од страна на широка работна група предводена од Министерството за информатичко општество и администрација, а во нејзината изработка беа вклучени претставници на приватниот, академскиот и јавниот сектор. Во текот на 2016 година ќе започнат подготовките за изработка на долгорочната ИКТ-стратегија, за што ќе се бара експертска поддршка преку донатор.

**Интероперабилност**

Државните институции имаат постојана потреба од размена на податоци со други државни институции. Размената на податоци преку системот за интероперабилност овозможува безбедна и навремена размена на податоци со стандардизирани стандарди, процедури и протоколи. Ваквата размена на податоци го намалува потребното време за размена на податоци меѓу државните институции, и на тој начин им се овозможува  на институции да обезбедат подобри јавни услуги за граѓаните и бизнисите. Пилот системот за интероперабилност го користеа четири државни институции: Централниот регистар, Агенцијата за катастар на недвижности, Царинската управа и Управата за јавни приходи. Овие четири институции продолжуваат и понатаму активно да разменуваат податоци преку системот. Со цел да се модернизира, да се прошири и да се адаптира постоечкиот пилот систем за интероперабилност реализирани се три проекти, во рамки на Интероперабилност 2.0. Цел Интероперабилност 2.0 е да го зголеми бројот на институции кои се приклучени на платформата за интероперабилност, да ги подобри постојните размени на податоци и да развие нови размени на податоци помеѓу институциите. Интероперабилност 2.0

овозможува размена на податоци меѓу системите на сите државните институции, без оглед на технологиите за имплементација на овие системи.

Двата имплементациски проекти (ИПА финансиран и владино финансиран проект) ќе бидат завршени на почетокот на 2016-та година. Во рамките на овие проекти на платформата за интероперабилност ќе бидат приклучени вкупно 25 институции, и интегрирани 90 сервиси за размена на податоците помеѓу институциите. Министерството за информатичко општество и администрација ќе продолжи да прави напори за поттикнување на сите инволвирани институции за пренасочување на постоечките и воспоставување на нови размени на податоци преку платформата за интероперабилност, секако во законските рамки за размена на податоци помеѓу институциите.

Твининг проектот со австриски партнер "Поддршка за државната служба и реформата на јавната администрација" заврши во декември 2015 година. Во рамките на овој проект беше изработена Македонската национална рамка за интероперабилност, која претставува сет на документи кои ги содржат основните принципи и начела за интероперабилнот и ги покриваат сите аспекти на интероперабилноста: организациски, семантички, технички и правен аспект. Во текот на 2016-та година ќе се работи на документ за семантичка интероперабилност, ревидирање и подобрување на објавените документи. Во рамките на овој проект ќе биде изработен и документ со основни препораки за изработка на електронски регистар за население кој ќе даде базични насоки за воспоставување на регистар на населението. Следни чекори се да се направи анализа на постојните основни регистри на податоци и идентификација на збирки на податоци кои ќе бидат дел од регистарот на население, како и ревизија и препораки за подобрување на постојното законодавство. Оваа активност ќе помогне во остварувањето на втората главна цел на проектот, односно создавање насоки за воспоставување на регистар на населението.

### Информациски систем за управување со човечките ресурси во државната администрација

Ќе продолжи имплементацијата на информациониот систем за управување со човечки ресурси со кој ќе се добие прецизен Регистар за вработени во јавниот сектор, со сеопфатни податоци за вработените, вклучувајќи персонално досие, пресметка на плата и систем за мерење и следење на учинокот. Преку овој регистар ќе може да се вршат различни анализи, врз база на кои ќе се предлагаат мерки за подобрување на обемот, квалитетот и перформансите на администрацијата како целина.

Во текот на 2016 година предвидени за реализација се следните активности: Ставање во функција на модулот пресметка на плата на ИСУЧР во МИОА; Тестирања на модулот пресметка на плата; Тестирања на модулот управување со учинок; Тестирања на модулот извештаи; Подготвителни активности за обука на корисниците за модулот управување со учинок како и реализација на обуките; Финализирање и затварање на проектните активности согласно договорот; Континуирана поддршка на корисниците за пријавените проблеми во работењето со системот.

Согласно законската обврска, до 31-ви март 2016 година Министерството на својата веб страна ќе објави Извештај за податоците од Регистарот на вработени во јавниот сектор.

**Воведување на работење на владините институции во облак технологија – (G Cloud)**

Целта на овој проект е искористување на многубројните придобивки од оваа технологија, како зголемена флексибилност, намалени капитални расходи и поинтелигентно искористување на ИТ персоналот, од страна на државните институции. Во соработка со Светска банка и експерти, направена е анкета за подготвеноста за премин на cloud технологија, во која беа вклучени државните институции и бизнис заедницата. Изготвени се анализи заради утврдување на cloud моделите кои би биле најсоодветни за имплементација во државната администрација. Анализите се осврнуваат на придобивките и недостатоците на секој од моделите од повеќе аспекти, вклучувајќи ги финансиските и безбедносните импликации. Понатамошните активности ќе опфатат изработка на стратегија, со цел поголемо прифаќање на облак сервисите во владините институции. Овој проект е предвидено да се реализира со финансирање од Светска банка, како дел од проектот Дигитална Македонија.

**PKI Инфраструктура за администрацијата**

Со проектот ќе се обезбедат дигитални сертификати за вработените во јавната администрација. Зголемениот пробив на електронските услуги, зголемената употреба на ИКТ во државните институции и во сите сфери на општеството, ја наметнува потребата за електронска идентификација и електронски потпис на вработените во државните институции. Со реализација на проектот PKI Инфраструктура за администрацијата ќе се подобри електронската размена на податоци помеѓу институциите, ќе се зголеми личната одговорност на вработените и ќе се намали времето потребно за целосна реализација на административните процедури. Првиот чекор кон воведување на дигитален

сертификат за секој вработен во јавната администрација е воспоставувањето на базата на вработени во јавниот сектор. Понатамошните активности опфаќаат избор на безбеден, одржлив и технолошки неутрален модел, кој ќе овозможи автентикација, интегритет и неотповикливост во примената. Овој проект е предвидено да се реализира со финансирање од Светска банка, како дел од проектот Дигитална Македонија.

### Развој на Национален портал за е-влада

Целта на проектот е централизирање на точката за електронски пристап до владините е-услуги, наместо пристапување до веб локацијата на поединечната институцијата која ја обезбедува е-услугата. Националниот портал за е-услуги, ќе биде централен интерфејс каде граѓаните и бизнисите ќе можат да пристапат до сите владини услуги каде е-услугите ќе бидат на највисокото можно ниво на софистицираност.

Проектот ќе опфати:

- Развиен и целосно функционален национален портал за е-услуги кој го користи Националниот систем за интероперабилност, во согласност со Законот за електронско управување;
- Интегрирање на постојните е-услуги на порталот, со нивна надградба за повисоко ниво на софистицираност и со можност за е-плаќање на сите давачки (надоместоци и административни такси);
- Воведен систем за е-плаќање: е-банкарството, м-банкарство, SMS плаќање и плаќање со платежна картичка, за сите интегрирани и ново-развиени е-услуги;
- Развиени и целосно функционални нови е-услуги;
- Интегриран портал со системите е-потсетник;
- Алатка за генерирање на е-формулари;
- Обучени вработени за одржување и надградба на системот;
- Развиени повеќе процедури за одржување на системот

Решението ќе биде веб-базирано решение достапно на различни уреди (компјутери, таблети, паметни телефони) и достапно за лица со различен вид на попреченост, односно согласно најновите WCAG Стандарди. Проектот се планира да биде реализиран преку проект финансиран од ИПА.

### Стандарди за квалитет на податоци

Целта на проектот е подобрување на квалитетот на податоците во системите на државните институции. Прва верзија на Стандарди за квалитет на

податоци се развиени од страна на работна група уште во 2015 година, а Предлог Акцискиот план за 2016 година се разви на крајот на 2015. Првата верзија на Стандардите за квалитет на податоците предвидено е да биде промовирана во првата половина на 2016 година. Во втората половина на 2016 година ќе се организира нова работилница, со вклучување на поголем број на институции од оние кои се вклучени во работната група, со цел збогатување и подобрување на постојната верзија на документот. Подобрената верзија ќе биде усвоена од Владата со што ќе се обезбеди широка примена на стандардите. Ж

**Систем за интегрирано планирање на ресурсите (ИПР) на државни институции за кои услугата ја обезбедува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија**

Интегрираниот систем за интегрирано управување со ресурси е со основна цел да модернизира и да се интегрираат деловните процеси и системи во институциите. Завршен е развојот на Системот и поставен е на продукциска околина. Во текот на 2016 година ќе отпочне примена на системот од страна на вработените, усогласувања во работењето на секојдневните задачи. Ќе се спроведе и миграција на податоците за институциите назад до 2000 година. Ќе започне одржувањето на системот и редовна техничка поддршка на корисниците – вработените во СОЗР. Состемот е димензиониран за најмногу до 50 институции, така што освен приклучените 31 институции – корисници на услугите на СОЗР, планирано во 2016 година е приклучување и на дополнителни инситутуции кои не се корисници на услугите на СОЗР.

Системот на ИПР ги содржи следните модули: Буџетско работење ; Финансиско работење; Основни средства; како и Материјално и магацинско работење со ситен инвентар.

**Систем за електронско управување со документи (ДМС)**

Во текот на 2016-та година ќе продолжи имплементацијата на системот за електронско управување со документи во државните институции, неговата надградба со нова функционалност согласно со потребите на институциите.

**Поддршка за натпревари и настани од областа на ИКТ**

Во согласност со Планот и програмата за поддршка на натпревари и настани од областа на ИКТ, ќе продолжат активностите за поддршка на настани кои поттикнуваат развој на иновативни апликации за млади програмери и старт-ап компании од областа на информатиката како хакатони и други натпревари. Исто така, ќе продолжат иницијативите за подигнување на свеста за

информатичко општество, како „Сурфај безбедно” со која се промовира позитивно и одговорно однесување на интернет и иницијативата „Девојки во ИКТ” која има за цел подигнување на свеста и охрабрување на девојките и младите жени да започнат студии икариери во областа на информатичко - комуникациските технологии.

### Проект: „Microsoft Show Case Училница“

Врз основа на меморандумот што Министерството го склучи во 2015 година со Microsoft, во текот на 2016 година во ОУ „Петар Здравсковски - Пенко“ во Скопје и СОМ „Никола Стејн“ во Тетово ќе бидат поставени две „smart“ училници. Во соработка со наставниците од училиштата ќе бидат поставени интерактивни дигитални содржини во наставата користејќи Microsoft алатки.

### Интернет клубови

Покрај постојните 22 бесплатни интернет-клубови во Република Македонија, во Скопје, Битола, Гостивар, Кичево, Охрид, Неготино, Демир Капија, Куманово, Крива Паланка, Прилеп, Кочани, Гевгелија, Кавадарци, Тетово, Ресен, Кратово, Штип, Дебар, Крушево, Радовиш, Свети Николе и Пехчево, ќе се отворат уште 3 нови интернет-клубови во Липково, Кривогаштани и Велес. Во таа насока:

- Во првата половина од 2016 година предвидено е отворање на бесплатен интернет клуб во Општина Липково;
- Во соработка со Општина Велес во текот на втората половина од 2016 година предвидено е отворање на бесплатен интернет клуб на подрачјето на општината;
- Во втората половина од 2016 година ќе биде отворен бесплатен интернет клуб на подрачјето на Општина Кривогаштани, исто така во соработка со општината.

### Едукација на населението во руралните средини за користење на интернет

Едукација на населението во руралните средини за користење на интернет за унапредување на степенот и квалитетот на употреба на поставените Wi-Fi-киосци низ државата, потребно е да се преземат активности за информирање и едукација на локалното население кое ги користи. Во таа насока ќе се изработуваат различни информативни материјали и ќе се организираат обуки на регионално и на локално ниво, на теми од потенцијален интерес за локалното население.

### Проект WIFI точки на територијата на Република Македонија

Проектот вклучува трошоци за услугата интернет киосци кои нудат бесплатен интернет пристап до руралните средини во согласност со предвидената динамика за испорака на услугата за 2016 година. Имајќи ги предвид постигнатите позитивни резултати од воведувањето на бесплатен Интернет во 680 рурални средини со поставувањето на Wi-Fi-киосци, проектот предвидува продолжување на активностите за граѓаните на Република Македонија во оние средини каде што нема комерцијално достапен интернет. Со оглед на тоа што проектот е во завршна фаза, единствени активности кои ќе се спроведуваат тековно во рокот од 01.01.2016 до 11.05.2016 година е онлајн мониторирањето на киосците кои согласно договорите се уште се во функција.

Министерството за информатичко општество и администрација во соработка со Министерството за образование и наука ја разгледа можноста за да се обезбеди интернет конекција за 32 основни училишта, кои согласно „WhitePaper" анализата од Светската банка, овој вид на интернет конекција е единствената можност за пристап до интернет на овие места, притоа искористувајќи ги интернет киосците кои ги имаат инсталирано економските оператори.

### Автомати за издавање на документи (пилот проект)

Преку овој проект е планирано на определена локација да се постави еден автомат во Скопје каде што граѓаните врз база на електронска идентификација ќе можат да добијат повеќе услуги и документи од Централниот регистар, Царинската управа, Управата за јавни приходи, Катастарот и други. Автоматот ќе биде поврзан преку системот за интероперабилност до оние институции што ги издаваат своите услуги електронски. Граѓаните ќе можат преку платежна картичка да ја платат услугата и дополнителни услуги како вода, струја, телефонија, радио дифузна такса и сл. Техничката спецификација за пилот проектот е изработена и истата ќе биде објавена во тендерска постапка согласно планот за набавка во Министерството.

### VOIP за јавната администрација (пилот проект)

Преку овој проект е планирано да се постави опрема која ќе овозможи VoIP телефонија со поставување на VoIP централа - комуникациска платформа за Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за образование и наука, Министерството за локална самоуправа и Секретаријат за законодавство, како и поврзување со постоечките системи за VoIP телефонија во Министерството за финансии и Министерството за земјоделство, шумарство и

водостопанство, преку мрежно поврзување кое постои помеѓу зградите на овие министерства. Техничката спецификација за пилот проектот е изработена и истата ќе биде објавена во тендерска постапка согласно планот за набавка во Министерството.

### Каталог на е-услуги

Целта на проектот е формирање на Каталог на е-услуги кои се развиени и достапни за клиентите, кој ќе послужи за подготовките на ИПА проектот за развој на Национален портал за е-услуги, преку утврдување на тоа кои е-услуги постојат и можат да се интегрираат во порталот и евентуалната потреба од нивна надградба, но и за планирање на активности за зајакнување на капацитетите за дизајн и развој на е-услуги. Во текот на 2015 беше развиен и поставен е он-лајн прашалник за пополнување од страна на институциите. Прашалникот ќе биде отворен до крајот на 2016 година со можност за внесување на нови е-услуги, или нивно евентуално надградување.

Проектот опфаќа собирање на податоци за називот на е-услугата, институцијата која ја нуди, максималното ниво на софистицираност на услугата како и нивото до кое е развиена, можностите за плаќање на надоместоците и таксите за услугата, потребата од електронска размена на податоци со други институции, но и други податоци.

### Воспоставување на систем за обука за ученици за програмирање и нивна подготовка за учество на врвни меѓународни натпревари

Главната цел на проектот е набавка на систем, онлајн платформа со што ќе се обезбеди поефикасно селектирање на талентираните ученици, како и нивна подготовка за учество на врвни меѓународни натпревари по програмирање, но и услови за сите учениците со афинитет да се запознаат со основите на програмирањето, да научат или да се усовршат за програмирање во еден од најпопуларните програмски јазици. Во текот на 2016 година ќе се изработи техничка спецификација. До крајот на годината се планира набавка на Систем.

Планирано е системот да содржи базен на натпреварувачки задачи од изминати национални и меѓународни натпревари, а преку него учениците ќе испраќаат решенија, ќе се објавуваат резултати и ќе се изведува целосната комуникација помеѓу учениците и нивните ментори во рамки на циклусот на подготвителните натпревари. Циклусот се состои од Регионален натпревар, Државен натпревар и Македонска олимпијада по информатика, преку кој натпреварувачите се квалификуваат за учество на интернационалните натпревари: Јуниорска балканска олимпијада по информатика (ЈБОИ), Балканска

олимпијада по информатика (БОИ) и Интернационална олимпијада по информатика (ИОИ).

### Национален центар за одговор на компјутерски инциденти (CERT)

Компјутерските напади врз информациските системи и мрежите мотивирани од криминални побуди стануваат се поголема глобална закана. Со воспоставувањето на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти ќе се формира единствена национална точка за контакт и координација во справувањето со безбедносните инциденти кај мрежите и информациските системи на јавните институции и приватните компании во РМ. Во текот на 2016-та година, во соработка со АЕК, ќе бидат спроведени активности за зајакнување на капацитетите на тимот преку технички и организациски мерки, како и спроведување на потребни експертски обуки за вработените. Тимот ќе работи на превентивни мерки при сајбер напади врз Македонија и ќе ја следи состојбата во регионот со цел превентивно да делува на заштита на Република Македонија од сајбер напади. Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти ќе се поврзе со светскиот систем на ЦЕРТ.

### 3Д виртуелен панорамски приказ на Музејот на македонската борба и на новиот Македонски народен театар

Во првиот квартал од 2016 година предвидено е да се изврши снимање на внатрешноста и надворешноста на новиот објект на Македонскиот народен театар со уред наменет за сликање сфери во 360 степени. Обезбедените снимки ќе бидат софтверски обработени и поставени на соодветен ХТМЛ формат за овозможување на приказ на веб страна. Промоција на 3Д виртуелен панорамски приказ на НУ Македонски народен театар планирана е да се изведе на крајот на првата поливина од 2016 година.

### Родово буџетска анализа

Министерството за информатичко општество во доменот на делокругот на надлежностите, почитувајќи ја законската регулатива и меѓународните документи, се грижи за развојот и промоцијата на информатичкото општество и тоа под услови достапни за сите, без дискриминација, со промоција на еднаквоста и еднаквите можности, но и со посебни поттикнување на девојките за нивно поголемо учество во ИКТ. Во таа насока, во рамки на родово буџетска анализа која ја спроведува министерството во период од три години 2015-2017 беа предложени неколку активности преку кои се очекува да се зголемат благодетите од комуникациско информатичката технологија за сите граѓани без разлика на

полот, возраста, етничката припадност или било кој друг основ што може да направи разлика. Предложените интервенции се однесуваат на:

1. Водење на родово разделена статистика. Потребно е сите податоци достапни за посетителите на интернет клубовите да бидат разделени по пол, како би можело врз основа на овие статистки да се прават анализи и да се креираат програми, мерки и препораки за зголемување на учеството на девојките во ИКТ;
2. Отворање на нови можности и хоризонти, пристап до нови знаења и препознавање на младите таленти и несебично инвестирање во нивните капацитети, преку активности во рамки на кампањата „Девојките во ИКТ“;
3. Спроведување на бесплатни обуки за стекнување со ИКТ вештини, наменети исклучиво за жени, со цел зголемување на бројот на жени со знаења и вештини за основните ИКТ вештини.

Во текот на едногодишното спроведување на родовата буџетска анализа постигнати се позитивни резултати кои придонесоа кон поголема вклученост на жените во ИКТ секторот, но во следниот период се очекува таквите резултати да бидат многу подобри и процентот на жените кои користат компјутери и интернет да биде поголем, а со тоа да се отворат и нови можности и хоризонти, пристап до нови знаења и препознавање на младите таленти и несебично инвестирање во нивните капацитети со посебен акцент на девојките.

Во текот на 2016 (и 2017) година планирано е активностите да бидат насочени кон спроведување на кампања преку флаери и обуки специјализирани за жени и девојки, кои ќе се спроведуват во интернет клубовите низ земјава, а во насока на зголемување на основни знаења и вештини на жените за пакетите за канцелариско работење, како и основни занаења за интернет пребарување и on line комуникација.

## *III. Активности и проекти од областа на јавната администрација*

### Креирање политики

Во 2015 година заврши периодот на имплементација на Стратегијата за реформа реформа на јавната администрација во периодот 2010-2015. При тоа започнаа со примена новите законски решенија кои се однесуваат на статусот на вработените во јавниот сектор, а донесена е и новата законска рамка која го регулира испорачувањето на јавните услуги.

Министерството најдоцна до месец Април 2016 година ќе подготви Информација за спроведување на Акцискиот план за Стратегијата за реформа на јавната администрација во периодот 2010-2015 и ќе започне со подготовка на нова Стратегија за реформа на јавната администрација 2016-2021. За таа цел ќе биде формирана работна група од претставници од повеќе институции, која, во соработка со СИГМА, како и со помош на локални академски професори, ќе работи на подготовка на новата стратегија и акциски план за РЈА која ќе го покрие периодот од 2016-2021 година. Согласно со оперативниот план кој ќе биде предложен од страна на СИГМА, Работната група и тематските подгрупи ќе работат на подготовка на новата стратегија и придружниот акциски план.

Во текот на 2016-та година Министерството ќе продолжи со креирање на политиките од областа на управување со човечките ресурси во јавниот сектор, ќе дава предлози за подобрување на законите и подзаконските акти за кои е предлагач и ќе ја следи нивната примена, како и ќе го надгледува усогласувањето на посебните закони и прописи во делот на управување со човечките ресурси со законите и прописите од негова надлежност.

### Согласности на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места за институциите

Во текот на 2016-та година Министерството ќе продолжи да дава согласности на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места за институциите за кои таквата надлежносте е утвредена во Законот за вработените во јавниот сектор, во делот на усогласеноста на описите на работните места со Каталогот на работни места во јавниот сектор. На барање на институциите, Министерството ќе продолжи и да го ажурира Каталогот на работни места во јавниот сектор.

### Согласности за преземања на вработени од една во друга институција

Мобилноста како институт е уредена во Законот за вработените во јавниот сектор, како можност на хоризонтално движење на вработените во јавниот сектор од една во друга институција или во истата институција. При тоа мобилноста преку распоредување во рамките на самата институција дава можност вработениот по свое барање или по потреба на институцијата да биде распореден на работно место на исто ниво. Мобилноста преку преземање пак ја уредува постапката на трајно преземање на вработениот од една во друга институција, при што во оваа постапка е потребна согласност од вработениот, од раководните лица на институцијата од која се презема и институцијата во која се презема, мислење од Министерството за информатичко општество и администрација како и согласност од органот кој дава согласност на буџетот на институцијата. Во таа насока, Министерството ќе продолжи да издава согласности за преземање на вработени од една во друга институција. За потребите на мобилноста Министерството за информатичко општество и администрација ќе обезбеди Трансфер листа на можни преземања, до која пристап ќе имаат овластени лица од сите институции на јавниот сектор.

### Мислења по годишни планови за вработување на институциите

По донесувањето на Методологија за планирање на вработувања во јавниот сектор, како подзаконски акт кој произлегува од истиот закон, Министерството ќе дава мислења за соодветна или несоодветна примена во рамките на годишните планови за вработувања на институциите, како и ќе подготви извештај за реализација на годишните планови, кој во законска процедура ќе го достави до Владата на Република Македонија.

### Обуки на административните службеници

Согласно новиот Закон за административни службеници систематски се обезбедува професионалниот развој на службениците преку обуки. Имено Законот за административни службеници ги регулира обуките при што пропишува дека обуките за стручно усовршување на административни службеници можат да бидат генерички и специјализирани и истите можат да бидат организирани во училница или преку интернет пристап од работното место на административниот службеник до електронскиот систем за управување со обуки. Генеричките обуки се вршат заради стручно усовршување на административните службеници согласно со Рамката на општи компетенции. Специјализираните обуки се вршат заради стручно усовршување на

административните службеници во однос на посебните компетенции и истите можат да бидат организирани во Академијата. За изработка и спроведување на генеричките обуки се обезбедуваат средства од буџетот на Министерството, а за спроведување на специјализираните обуки од сопствениот буџет на институциите. Институцијата која ја спроведува обуката, по завршената обука, на административниот службеник му издава потврда за успешно реализирана обука. Инаку предвидено е да се утврди индивидуален план за стручно усовршување на секој административен службеник одделно, а овој план е составен дел од образецот за оценување на службеникот. При тоа во индивидуалниот план за стручно усовршување се утврдува потребата за стручно усовршување на административниот службеник, заради ефикасно извршување на утврдените работни цели и задачи и потребата од развој и унапредување на работните компетенции. Индивидуалниот план за стручно усовршување се утврдува од страна на претпоставениот административен службеник во соработка со административниот службеник по поставувањето на работните цели и задачи. Административниот службеник има право на 5 генерички обуки во текот на годината.

Министерството за информатичко општество и администрација изготви Годишна програма за обуки за 2016-та година. Во првата половина од 2016 година ќе биде подготвена Годишната програма за генерички обуки за административни службеници за 2017 година која согласно правилникот, треба да биде донесена до 31 јуни 2016 година. Во однос на законската обврска за органите и институциите за донесување на Годишен план за обуки на административни службеници (ГПО) и добивање мислење од МИОА, во текот на 2016 година Министерството ќе продолжи со следење на состојбите и издавање мислење на годишните планови на институциите. Министерството ќе продолжи да ја следи и примената на законската обврска за органите и институциите за достава на полугодишен извештај за реализација на годишниот план за обуки.

Во текот на 2016-та потребно е да се изготви и годишна програма за обуки за испит за административно управување, како и Е-обуки за административно управување (вклучително и студии на случај). Финалниот формат на Е-обуки, тестиран и подготвен за употреба, предвидено е да заврши во месеците октомври-ноември 2016 година. Исто така, во првата половина на 2016 година ќе се работи на подготовка на Нацрт-Годишната програма за обука за административно управување за 2017 година.

### Обуки за функционални анализи

Обуките имаат за цел запознавање со Методологијата и техниките за спроведување на функционална анализа на организацијата, како и оспособување за спроведување на функционална анализа преку практични искуства, како обврска на органите која произлегува од Законот за вработените во јавниот сектор. Во текот на првата половина на 2016 се предвидени за реализација 2 дводневни обуки на кои ќе бидат обучени околу 70-тина вработени во органите на државната управа и локалната самоуправа.

### Обуки за изработка на годишни планови

Обуките имаат за цел запознавање со Методологијата за вработување, како и оспособување за изготвување на годишни планови за вработување преку практични примери, како обврска на органите која произлегува од Законот за вработените во јавниот сектор. Во текот на првата половина на 2016 се предвидени за реализација повеќе обуки на кои ќе бидат обучени околу вработените во органите на државната управа и локалната самоуправа.

### Обуки за стратешко планирање

Заради зајакнување на административните капацитете за стратешко планирање предвидено е спроведување обуки за стратешко планирање, подобрена координација во министерствата, воведување на писмени процедури и учество на јавноста во процесот на креирање политики.

### Електронски систем за управување со учењето (СУУ/LMS)

Министерството континуирано спроведува активности за целосно и непречено функционирање на Системот за учење во далечина (СУУ/LMS), како и за неговата широка употреба од страна на органите на државната управа. Обуката за користење на СУУ/LMS ќе продолжи да се спроведува и во текот на 2016 година, со цел да опфатат сите институции каде се вработени административни службеници. Имајќи ги предвид техничките капацитети на Центарот за обука на министерството, подготвен е интерен распоред на одржување на обуките (датуми и групи на институции), за што институциите прогресивно ќе добиваат навремени покани за номинација на учесници.

Во првиот квартал на 2016 година предвидени се 2 обуки за користење на СУУ/LMS за претставници од 20 институци. Во првата половина на 2016 година предвидени се обуки за обучување на номинирани администратори на институциите.

### Систем за Микроучење

Овој систем овозможува надградување на знаењата на администрацијата преку кратки лекции во текот на работното време. Овој вид на учење е овозможен од развиено софтверско решение (KnowledgePulse) кое на индивидуалниот персонален компјутер на службеникот му овозможува да следи курсеви и да учи по пат на одговарање на прашања. Спроведувањето на обуки преку системот за микроучење е инкорпорирано во целокупниот систем за обука, односно регулирано со Правилникот за начинот на спроведување на обуки во училница и преку електронскиот систем за управување со обуки.

Министерството за информатичко општество има расположливи вкупно 39 обуки во системот за Микроучење, достапни на веб страната на МИОА: http://mioa.gov.mk/?q=node/3403

Во текот на 2016 година ќе продолжи да се следи состојбата со регистрирање на нови корисници во Системот за микроучење. Предвидени активности за 2016 година се креирање на нови курсеви за генерички обуки и проширување на системот за микроучење во сите институции што досега не се регистрирани, а во кои се вработени административни службеници.

### Менторство

Согласно законските одредби, Министерството води Регистар на ментори. Одделението за обука располага со податоци за 82 лица од 162 институции кои следеле обука за Ментори во текот на 2015 година и со тоа се стекнале со истиот статус. Обуката за Ментори/Менторска работа ќе продолжи да се спроведува во текот на 2016 година, на барање на институциите. Ќе се подготви интерен распоред на одржување на обуките (дати и групи на институции), за што институциите ќе добиваат навремени покани за номинација на учесници.

### Управување со ефектот на административните службеници

Во однос на постапката за оценување, со Законот за административни службеници е пропишана фер и транспарентна постапка на оценување. Постапката за оценување која се заснова на системот на 360 степени, односно во постапката покрај претпоставениот административен службеник кој во оценката учествува со 65%, 35% учествуваат и 6 други оценувачи од кои двајца на исто ниво со оценуваниот, двајца на пониско ниво и двајца вработени во друга институција со која службеникот кој се оценува соработувал во тековната година, односно граѓани доколку службеникот има непосреден контакт со граѓани. При тоа претпоставениот ја цени стручноста и ефикасноста на службеникот, а останатите

оценувачи ги оценуваат неговите општи компетенции. Останатите оценувачи ги определува самиот службеник кој се оценува во соработка со претпоставениот службеник. Инаку за спроведувањето на постапката за оценување изготвен е и подзаконски акт, во кој се објавени и обрасците за оценување и до детали е уредена постапката. Самиот процес на оценување трае цела година, од утврдување на годишните цели и задачи, преку полугодишно интервју и преку преземање на мерки со обуки и менторство за подобрување на ефектот на службениците кои не ги исполнуваат очекувањата. Во 2016-та година ќе се подготви годишен извештај за пилот - оценувањето на административните службеници во 2015-та година, и ќе се спроведе оценување за 2016-та година, за кое извештај ќе биде подготвен во 2017-та година.

### Анкета за вработените во Државната администрација

Во 2016 година ќе продолжат активностите за спроведување на „Анкетата за работната ангажираност и задоволството на вработените" во државната администрација. Предвидено е истата да се реализира во четврти квартал на 2016 година.

### Креирање на стандарди за професионални компетенции

Покрај стандардите за општи компетенции како комуникација, раководење и носење одлуки, работа во тим, сервисна ориентација и други, утврдени со Рамката на општи компетенции како дел од новиот Закон за административни службеници, по примерот на британската јавна администрација, ќе се изработат стандарди (рамки) за посебните стручни компетенции за повеќе различни професии на административни службеници, и тоа правници, економисти, информатичари, внатрешни ревизори, експерти за управување со човечките ресурси, ПР-експерти, експерти за давање на услуги на граѓани, експерти за креирање на политики, итн. Овие стандарди ќе се користат за проценка на стручноста на кандидатите за вработување на работни места во овие професии, за унапредување, за дополнително стручно усовршување и развој.

Од аспект на активностите кои би ја поддржале ваквата иницијатива за развивање на стандарди на професии, со специфични компетенции за секоја професија во рамките на администрацијата, Министерството за информатичко општество и администрација, предвиде средствата за овие активности да бидат обезбедени во рамките на ИПА2012, кој проект би требало да започне во септември 2016 година.

### Услужна ориентираност

Во јули 2015 година, Собранието на Република Македонија го донесе новиот Закон за општата управна постапка. Законот ќе започне со примена од 1 август 2016 година.

Во периодот по донесувањето на новиот Закон за општата управна постапка, се пристапи кон усогласување на посебните закони, со новиот ЗОУП, и истото ќе продолжи во текот на 2016-та година. При ќе бидат усогласени над 150 материјални закони. Целокупниот процес на усогласување на материјалните закони со новиот Закон за општата управна постапка го коодринира и ќе продолжи да го координира Министерството за информатичко општество и администрација, по насоките по кои беа усогласувани законите.

Непотребниот формализам во управните постапки ја отежнува правната заштита на поединците и ги усложнува економските активности. Според тоа, новиот ЗОУП и усогласените посебни закони ќе обезбедат што е можно поефикасни, поедноставни и побрзи управни постапки. На овој начин, ќе се намалат административните трошоци за државниот буџет како и за деловниот сектор. Во иднина управната постапка нема да биде врзана за одредена форма, односно ќе бидат дозволени сите средства за комуникација помеѓу управните органи и граѓаните.

И во новиот ЗОУП но особено при усогласувањето на посебните закони, особено внимание ќе биде посветено на прибавувањето на докази и податоци по службена должност и воспоставување на вистински едношалтерки систем. Имајќи го во предвид фактот што доказите и податоците потребни за остварување на определено право и добивање на јавна услуга се утврдени во посебните закони, со измените и дополнувањата на овие закони точно и прецизно е утврдено кои докази и податоци по службена должност ќе ги прибавува службеното лице кое ја води постапката, во кој рок е должно тоа да го направи, како и во кој рок службеното лице од институцијата од која се бараат доказите и податоците ќе биде должно да ги достави истите. При тоа е пропишана и дисциплинска и прекршочна одговорност за службените лице кои нема да ги почитуваат новите законски обврски.

Новиот ЗОУП и усогласените посебни закони ќе овозможат подобрено делегирање на надлежноста за донесување решение во рамки на одреден управен орган. Сегашната состојба, каде што речиси сите решенија се донесуваат на највисоко ниво во управниот орган (министер, државен секретар, директор, итн.) која е еден од клучните проблеми на управната пракса во РМ, во иднина нема да

може да се случува, затоа што органите ќе бидат должни со актите за внатрешна организација и за систематизација на работните места да утврдат кои службени лица ќе бидат овластени да ги водат постапките и да решаваат по барањата на граѓаните.

**Една точка за услуга (ЕТУ)**

Целта на проектот е обезбедување на една локација на која институциите, најголемите и најфреквентните издавачи на услуги, ќе имаат свои шалтери обезбедувајќи им на граѓаните и бизнисите физички една локација за пристап до повеќе институции. Проектот ќе опфати шалтери од 11 институции, кои ќе понудат над 60 услуги. Во 2015 година добиен е простор за ЕТУ, од 277 м2, во салата на Комерцијална банка. Во текот на 2016, по пат на набавка ќе се изврши избор на најповолен добавувач кој ќе изработи идејно решение за просторот, и активности по фази со предмер и пресметка за адаптација и реновирање на просторот. Планирана е набавка на услуги за работа, за Изведба на идејното решение, кое ќе заврши до крајот на 2016 година. Се планира и адаптирање на систематизацијата на МИОА за формирање на Одделение за ЕТУ. Се планира и потпишување на договор со УВМК со цел маркирање на просторот во салата која засега е поделена само како квадратура во имотниот лист. ЕТУ предвидено е да започне да функционира на крајот на 2016 година.

**Каталог на јавни услуги**

Целта на проектот е обезбедување на платформа за собирање и чување на податоци за сите јавни услуги. Реализацијата на проектот ќе започне во првиот квартал на 2016 година, а се очекува да заврши до крај на јуни 2016. Понатаму, МИОА ќе продолжи со полнење на Каталогот и негово одржување со актуелни податоци. За добивање на навремени и точни податоци за Законите кои се основ за услугите, се планира и поврзување на апликацијата со Службен весник за добивање на основните податоци за Законите и подзаконските акти.

Проектот опфаќа развој на апликација за внесување на податоци за јавните услуги, и можности за анализирање на внесените податоци со цел извлекување заклучоци, приоретизирање, предлози за примена на концептот на регулаторна гилотина и начелата “one-only” и “digital-first/ digital-by-default”; поставување на апликацијата на опрема на МИОА и внесување на податоци за јавни услуги од 26 закони, кои се однесуваат на називот на услугата, институцијата која ја обезбедува, законскиот основ за услугата, потребните докази и документи за услугата, рокови за издавање на услугата, надоместоци и такси за услугата, кој е

корисник на услугата (правни или физички лица), правни лекови, и други податоци неопходни за информирање на корисниците.

### Регулаторна реформа

Во тек е  успешна имплементација на мерките од втора, трета и четврта фаза на регулаторна гилотина. Регулаторна гилотина II фаза содржи вкупно 51 мерка од кои 47 се целосно реализирани; регулаторна гилотина III фаза содржи вкупно 40 мерки од кои 38 се целосно реализирани; регулаторна гилотина IV фаза содржи вкупно 40 мерки од кои 34 се целосно реализирани.

Проценката на влијанието на регулативата (ПВР) преставува интегрален дел во процесот на подготовка на закони. Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА) како надлежно министерство за управување на процесот на регулатона реформа редовно ја информира Владата на Република Македонија за примената и спроведувањето на Методологијата за Проценка на влијание на регулативата и Методологија за оценка на спроведување на регулативата. Се врши редовна проверка на сите предлог закони кои се доставуваат во Владина процедура за разгледување, за тоа дали се објавуваат на Единствен национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР). Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) ќе продолжи да се развива и претставува централна точка каде се презентираат сите предлог закони кои се доставуваат во владина процедура, заради коментар од страна на засегнатите страни.

Со цел унапредување на процесот за ПВР, МИОА и во текот на 2016-та година ќе продолжи да организира состаноци, семинари, обуки и советувања со државните службеници во министерствата. Исто така, Секторот за регулаторна реформа тековно по барање на министерствата ќе продолжи да дава информации во однос на примената на процесот на ПВР, актите кои ја уредуваат материјата за ПВР и аналитичките алатки за спроведување на ПВР.

Во  наредниот период МИОА ќе ги продолжи активностите за континуирано јакнење на капацитетите на државните службеници за спроведување на ПВР, оценка на спроведување на регулативата и непречено користење на ЕНЕР и соработката со претставниците  на засегнатите стани во процесот на креирање на политики.

### Отворено владино партнерство

Република Македонија пристапи кон глобалната Инцијатива за Отворено владино партнерство во 2011 година. Согласно обврските за сите земји кои се

приклучија кон оваа инцијатива да достават Акциски планови за спроведување на мерките од инцијативата, Владата на РМ во јуни 2012 година го усвои првиот Акцискиот план за Отворено владино партнерство а во мај 2014 година беше усвоен вториот Акциски план за Отворено владино партнерство за 2014-2016 година. Во спроведувањето на заложбите утврдени во вториот Акциски план за Отворено владино партнерство за 2014-2016 година освен Владата, активно учество земаа голем број на граѓански организации, преку рамноправно учество во работните групи формирани за таа цел. Со имплементација на плановите беа преземени голем број активности за градење на партнерски однос со граѓаните и компаниите во обликување на националните политики и креирање на националното законодавство, стратегии и инцијативи. Освен имплементацијата на стратешките документи, беа отворени и интерактивни веб портали за олеснување на процесот, за поголема транспарентност и можност за креирање форуми за размена на ставови и мислења.

Согласно динамиката на подготовка на двогодишни национални планови и временската рамка за Отворено владино партнерство (2015-2018) очекувано е Владата на РМ до крајот на јуни 2016 година да утврди нов Акциски план за Отворено владино партнерство за периодот 2016-2018 година. Оттука со цел запазување на стандардите за подготовка на националните планови за Отворено владино партнерство кои важат за сите земји членки во оваа иницијатива, а врз основа на искуствата од подготовката на вториот акциски план, на почетокот на 2016 година Министерството за информатичко општество и администрација ќе започне со реализација на активностите за подготовка на третиот национален Акциски план за Отворено владино партнерство. Како резултат од овој широк консултативен процес со сите релевантни државни органи, општата јавност и директна вклученост на 200 претставници од владиниот, граѓанскиот и правниот сектор и академските институции, ќе се подготви првиот нацрт текст на третиот национален Акциски план за отворено владино партнерство за 2016-2018 година кој ќе биде објавен на порталот www. e-demokratija.gov.mk.

## Отворени податоци

Како резултат на првиот Акциски план за отворено владино партнерство во февруари 2014 година беше донесен Законот за користење на податоците од јавниот сектор. Во периодот опфатен со вториот Акциски план 2014-2016 година треба да се постигнат целите од спроведувањето на Законот и видливи резултати со развиени апликации, услуги и содржини од отворените податоци. Со вториот Акциски план за отворено владино партнерство предвидено е утврдување на техничките нормативи за форматот на податоците. Оваа мерка е спроведена со

донесувањето на Правилникот за минималните технички можности на органите и институциите од јавниот сектор за да објавуваат податоци и техничките нормативи за форматот на податоците и начинот на објавување на истите.

Министерството за информатичко општество и администрација соработува со Институтот за отворени податоци од Лондон (Open Data Institute), институт иницијално формиран од Британската влада, специјализиран за унапредување на знаењата на администрацијата во Британија и споредување на концептот за отворени податоци. Соработката со Институтот ќе продолжи и во 2016 година.

Министерството превзема иницијатива за развој на стандарди за отворени податоци. Во ноември 2015 година Министерството аплицираше и доби одобрение за поддршка/менторирање од KDZ Австрија (КДЗ – центар за истражување на јавната администрација), проект кој треба да се имплементира во период од март до септември 2016 година и кој како резултат треба да даде јасно дефинирани стандарди за метаподатоци како и формата и структурата на отворените податоци. По формализирањето на овие стандарди во Република Македонија планираме истите да ги понудиме како регионални стандарди за отворени владини податоци во земјите од регионот. Во работната група за отворени податоци ќе се вклучат претставници на граѓанските организации.

## Е-демократија

Порталот е-демократија овозможува граѓаните на Република Македонија на едноставен и лесно достапен начин, да го дадат своето мислење за предлог документите на Владата, односно активно да се вклучат во процесот на донесување на одлуките.

Ова портално решение нуди содржини од вкупно 26 институции. Во текот на 2016-та година ќе бидат преземени активности за афирмација на можностите кои ги нуди ова портално решение и поттикнување на заинтересираните страни за негова поголема искористеност.

## Интегириран позадински систем за проектот оцени ја администрацијата

Пилот фазата на проектот Оцени ја администрацијата - Семафор“ успешно функционира во вкупно 11 институции. Централната веб апликација која ги прибира и обработува гласовите од граѓаните добиени преку уредот семафор, онлајн формата или хартиената верзија на формата за оценување, покажува позитивно задоволство од 82% за 2015 година. Во програмата на Владата на Република Македонија е предвиден проект со кој ќе се добие интеграција и

консолидација на заднинските системи за работа во институциите, за да може објективно да се оценат вработените во институциите што нудат услуги на граѓаните преку шалтер и за да се оценат сите вработени што работеле на предметот (досие со повеќе документи) во позадинските служби на институциите. Планирано е имплементацијата да се прави преку ИПА проект, за што во текот на 2016-та година ќе се подготви техничка спецификација за софтверското решение за интегрираниот позадински систем за проекотот „Оцени ја администрацијата“.

### Барометар за квалитет

Примената на методологијата „Барометар на квалитет на институции“ има за цел воведување на стандардизирано мерење на квалитетот на институциите и нивно рангирање согласно добиените резултати. Преку барометарот за квалитет се влијае на создавање на конкурентност на институциите во администрација и ги поттикнува да ги спроведат дефинираните и планирани реформски процеси во Стратегијата за реформа на јавната администрација. Транспарентноста на целиот процес влијае на развивање на подобри организации и посервисно ориентирани институции. Во 2016 година проектот Барометар на квалитет планирано е да се отпочне со распишување на тендерска постапка за Барометар на квалитет 2016 кој ќе опфати нови институции.

## *IV. Телекомуникации, медиуми и радиодифузија*

### Балкански роаминг

Од 30.06.2015 година започнаа да се применуваат пониските цени за роаминг услугите ( говор, интернет и СМС) во земјите кои ја склучија спогодбата за намалување на цените за роаминг услугите. Согласно динамиката на оваа склучена спогодба помеѓу Македонија, Црна Гора, Босна и Херцеговина и Србија предвидено е скалесто намалување и во Јули 2016-та година. Во текот на 2016-та година ќе продолжи ангажманот на МИОА во однос на проширување на земјите вклучени во проектот Балкански роаминг, како и можност РМ да се приклучи на договорот за роаминг за ЕУ земјите – членки.

### Консулатции со медиумски организации

Во текот на 2016-та година ќе продолжи соработката со медиумските организации во насока на исполнување на Итните реформски приоритети во областа на унапредување на медиумската сфера.

### Субвенционирање на домашна продукција

Во првиот квартал на 2016 година ќе биде распишан Јавен повик за доставување на барање за одобрување на проект за производство на домашна документарна програма и/или домашна играна програма, за кои ќе се изврши исплата на надоместок за покривање на трошоците.

Со јавниот повик ќе бидат повикани сите трговски радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис од општ формат на државно ниво преку преносен капацитет на дигитален терестријален мултиплекс и јавниот радиодифузен сервис, да достават барање за одобрување на проект за производство на домашна документарна програма и/или домашна играна програма, за кои ќе се изврши исплата на надоместок за покривање на трошоците.

Во септември 2016 година, истекува двегодишниот мандат на членовите на Меѓуресорската комисија, по што Владата на Република Македонија ќе треба да избере нов состав на комисијата.

## V. *Учество во меѓународни организации, семинари, работилници*

Во врска со договорот за основање на Регионалното училиште за јавна администрација (РеСПА) со седиште во Даниловград, Црна Гора, Република Македонија како членка на РеСПА во 2016 година ќе продолжи со активно учество во работата на РеСПА, преку размена на информации и искуства од областа на јавната администрација со земјите членки на РеСПАи ќе даде свој придонес преку претставници во Управниот одбор и Комитетот за буџет на РеСПА.

Исто така, преку активно учество на работилници и семинари на своите вработени, МИОА ќе продолжи да обезбедува знаење, искуства и најдобри практики од земјите-членкина ЕУ, за да се подобрат механизмите за следење и евалуација за спречување на корупцијата, за начинот на спроведување хоризонтална ревизија, за безбедност на класифицираните информации, приватност, информирање, и јавниот интерес: правото на приватност наспроти правото на јавноста да знае, професионалното известување на медиумите – предуслов за слободни и фер избори, поддршка од ЕУ за слободата на говорот и за слободата на изразувањето, како и обуки за сајбер безбедност, новото европско законодавство во областа на пазарот на капитал и платежните услуги, набавни политики за Проектите финансирани од Светска Банка и слично.